АХВ

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

# ВОДИЧ

## ЗА ИНСПЕКТОРИТЕ НИЗ ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА



АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

# ВОДИЧ

## ЗА ИНСПЕКТОРИТЕ НИЗ ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

Скопје, 2011

## ВОВЕД

Во декември 2010 година донесен е нов Закон за безбедност на храната. Со донесувањето на Законот формирана е АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО на Република Македонија. Агенцијата е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.Таа е правен наследник на Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство.

Со имплементацијата на Законот треба да се обезбеди висок степен на заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на интересите на потрошувачите, со интегриран приод во контролата на безбедноста на храната според принципот „од нива до трпеза" односно контрола во сите фази на производството и прометот на храната.

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија во соработка со Организацијата на потрошувачи на Македонија, во рамки на Програмата за заштита на потрошувачи за периодот 2011-2012 година, што ја донесува Владата на Република Македонија, изготви седум публикации:

1. Водич низ Законот за безбедност на храната/за потрошувачите/
2. Водич низ Законот за безбедност на храната/за бизнис операторите/
3. Водич низ Законот за безбедност на храната/за инспекторите/
4. Брошура „Адитиви во храната и потрошувачи"
5. Брошура „Додатоци на храната"
6. Брошура „Храна за посебна нутритивна употреба"
7. Брошура „Храна збогатена со витамини и минерали"

Водичите низ Законот за безбедност на храната треба да допринесат во процесот на имплементирање на Законот.

Брошурите имаат повеќе информативно-едукативен карактер и се наменети за потрошувачите. Тие даваат одговор на одредени прашања поставувани од потрошувачите и треба да дадат придонес во подигањето на свеста на потрошувачите.

Оваа публикација претставува краток водич низ Законот за безбедност на храна, Службен весник на РМ бр. 157/2010 и 53/2011, (во понатамошниот текст закон), кој е наменет за организациските единици и органите во состав кои работат на надзорот и инспекцискиот надзор во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), со цел да им помогне во примената на законот во секојдневното работење.

Во Законот се транспонирани Регулативите на Европската унија: 178/2002 за безбе дност на храната, 852/2004 за хигиена на прехранбени производи, 853/2004 за посебните хигиенски барања за храна од животинско потекло, 854/2004 за посебните барања за службени контроли на храна од животинско потекло и 882/2004 службени контроли на прехранбени производи.[1]

Одредбите на Законот се применуваат во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храна и храна за животни. Истите не се применуваат на примарното производство на храна за домашна употреба, или домашно подготвување, ракување или складирање храна за приватно домашно консумирање.

## ШТО Е ОПФАТЕНО СО ЗАКОНОТ?

Законот има опфат на сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храна за хумана исхрана и храна за животни, првенствено од аспект на нивната безбедност за консументите, но и аспекти како што се рекламирањето, означувањето и сл.

Под поимот „храна" се подразбира секоја супстанција или производ, во преработена, делумно преработена или непреработена состојба, наменет да биде или се очекува да биде консумиран од луѓето. Со поимот „храна" се опфатени: пијалаци, гуми за џвакање и сите супстанции, намерно вградени во храната во текот на нејзиното производство, подготвување или преработка,

*1) Регулативите се правни акти на ЕУ кои се применуваат директно (без транспозиција) во правните системи на земјите-членки на Унијата, додека Македонија како земја кандидат ги транспонира во своето законодавство со важност до моментот на прием во полноправно членство во ЕУ.*

вклучувајќи ја и водата согласно прописите за безбедност и квалитет на водата за пиење.

Под поимот „храна за животни" се подразбира секоја супстанција или производ, вклучувајќи ги адитивите, без оглед на тоа дали се преработени, делумно преработени или непреработени, а кои се наменети за орална исхрана на животни.

Законот ги регулира и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, кои се дефинираат како производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, вклучувајќи активни и интелигентни производи и материи, кои во нивната крајна состојба се наменети да стапат во контакт со храна, веќе се во контакт со храна и биле наменети за таа цел, се очекува да стапат во контакт со храна или да ги пренесат своите состојки во храната под нормални или предвидливи услови на употреба.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ?

- Извршување на работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни;
- Организацијата и одговорноста во вршењето на ветеринарната дејност;
- Спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните;
- Заштита и благосостојба на животните во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, фармско држење, искористување, транспорт, колење или убивање;
- Заштита и благосостојба на кучињата и домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат во експериментални и други научни цели;
- Извршување на работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло;
- Идентификација и регистрација на фармските и други животни;

- Извршување на работите од областа на ветеринарно-медицинските препарати;
- Контрола на квалитетот на храната со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло и
- Други работи од значење на ветеринарното здравство, безбедноста на храната и храната за животни.

Директорот на Агенцијата ги пропишува општите правила на организација и спроведување на официјалните контроли кои се спроведуваат за верификација на исполнување на прописите за безбедност на храна и храната за животни, здравствена заштита и благосостојба на животните од аспект на безбедност на храната.

Директорот на Агенцијата ги пропишува и начинот на вршење на официјалните контроли на храната, начинот на вршење на контроли во внатрешниот промет од аспект на внатрешниот пазар, извозот во трети земји, земање мостри на место на дестинација и модел на сертификати и други документи и известувања за инспекциски контроли во внатрешниот пазар и начинот за вршење на официјалните контроли за верификација на прописите за здравствена заштита и благосостојба на животните, безбедност на храната и храната за животните.

## ШТО Е ОФИЦИЈАЛНА КОНТРОЛА?



„Официјална контрола" е секоја контрола што надлежниот орган ја спроведува за верификување на усогласеноста на прописите за безбедност на храна и храна за животни, здравствена заштита и благосостојба на животните.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНИТЕ ИНСПЕКТОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИТЕ КОНТРОЛИ И КОИ СЕ НИВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА?

*а) Овластувања на инспекторот за храна*

Врз основа на законот и прописите донесени врз основа на законот, државниот инспектор за храна има право и должност:

- Да бара информации и оригинални документи на увид, кои се однесуваат на производството и прометот, а за формирање на сопственото досие  и копија од документите;
- Да врши контрола во сите фази на производство, преработка и дистрибуција;
- Да врши контрола на производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната во сите фази на производство, преработка и дистрибуција;
- Да врши контрола и  одобрува увоз на храна од неживотинско потекло и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната;
- Да зема примероци за лабораториски анализи и испитувања;
- Да нареди мерки за отстранување на утврдените недостатоци;
- Да забрани употреба на објекти и опрема за производство и промет или дел од нив во случаи на непочитување на стандардите и барањата од  законот и прописите донесени врз основа на законот;
- Да забрани производство и промет на храна што претставува ризик по здравјето на луѓето;
- Да нареди уништување или да уништи храна која не е безбедна;
- Да нареди отстранување лица од производството и прометот на храна за кои е утврдено дека се носители на заразни болести кои се пренесуваат преку храната;
- Да преземе и други мерки за заштита на здравјето на луѓето од ризикот од небезбедна храна;
- Да донесува решенија во управна постапка и
- Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, да издава усна наредба за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци, која записнички се констатира. Во овој случај, инспекторот донесува писмено решение во рок од 48 часа од издавањето на усната наредба.

*б) Овластувања на официјалниот ветеринар*

Врз основа на законот и прописите донесени врз основа на законот, официјалниот ветеринар како државен ветеринарен инспек-

тор, по службена должност и овластениот ветеринар врз основа на договор, имаат право и должност:



- Да бараат информации и оригинални документи на увид, кои се однесуваат на производството и прометот, а за формирање на сопственото досие и копија од документите;
- Да вршат контрола во сите фази на производство, преработка и дистрибуција;
- Да вршат контрола на производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната во сите фази на производство, преработка и дистрибуција;
- Да вршат контрола и одобруваат увоз на храна од животинско потекло и храна за животни;
- Да земаат примероци за лабораториски анализи и испитувања;
- Да наредат мерки за отстранување на утврдените недостатоци;
- Да забранат употреба на објекти и опрема за производство и промет или дел од нив во случаи на непочитување на стандардите и барањата од овој закон и прописите донесени врз основа на законот;
- Да забранат производство и промет на храна што претставува ризик по здравјето на луѓето;
- Да наредат уништување или да уништат храна која не е безбедна;
- Да наредат отстранување лица од производството и прометот на храна за кои е утврдено дека се носители на заразни болести кои се пренесуваат преку храната;
- Да преземат и други мерки за заштита на здравјето на луѓето од ризикот од небезбедна храна;
- Да донесуваат решенија во управна постапка;
- Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, да издаваат усна наредба за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци, која записнички се констатира. Во овој случај, инспекторот

донесува писмено решение во рок од 48 часа од издавањето на усната наредба;

- Да имаат слободен пристап до деловните простории, постројките, одгледувалиштата, објектите и превозните средства, како и до евиденцијата и документацијата, вклучувајќи електронски бази на податоци во врска со предметот на инспекција;
- Да земаат примероци од живи животни, а во случај кога тоа е потребно, да го убијат животното заради земање примероци, како и да земаат примероци од производи, нуспроизводи од животинско потекло и храна за животни за лабораториски испитувања и да забранат движење на животните, производите, нуспроизводите од животинско потекло и храната за животни до добивање на конечните резултати од земените примероци;
- Да вршат испитувања врз животни, испитување на производи, храна за животни, предмети и вода која се употребува за напојување на животни согласно одредбите на законот и друг закон од областа на ветеринарното здравство;
- Да вршат инспекција на простории, постројки, одгледувалишта, објекти и превозни средства, како и на постапките и опремата која се употребува за производство, преработка, складирање, ракување, превоз и ставање во промет животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни, предмети и вода која се употребува за напојување на животните согласно одредбите на овој Закон и друг закон од областа на ветеринарното здравство;
- Да вршат здравствена контрола на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, ветеринарно-медицински препарати, храна за животни, предмети и вода која се употребува за напојување на животни, земаат и испраќаат примероци за лабораториски испитувања во референтна лабораторија;
- Да вршат систематски надзор на производи и нуспроизводи од животинско потекло, ветеринарно-медицински препарати, храна за животни, предмети и вода која се употребува за напојување на животни и вода во процесот на производство на храна од животинско потекло, како и на присуство на штетни материи;

- Да организираат и да вршат надзор на дезинфекција на возила, простории и опрема, а каде што е потребно, на царински складови, слободни складови, слободни зони во внатрешноста на земјата;
- Да забранат производство, промет и употреба на храна за животни и вода за напојување на животните, ако содржат патогени бактерии и материи штетни за здравјето на луѓето и животните;
- Да забранат натовар, претовар и истовар на животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни и предмети, ако не ги исполнуваат пропишаните услови со овој и друг закон;
- Да забранат употреба на возила за превоз на животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни и предмети, ако не ги исполнуваат пропишаните услови со овој и друг закон;
- Да забранат употреба на штали и други објекти за чување и одгледување животни, и објекти за натовар, претовар и истовар на животните, ако не ги исполнуваат пропишаните услови со овој и друг закон;
- Да забранат колење животни, собирање и обработка на суровини за производство и производи од животинско потекло, ако не ги исполнуваат пропишаните услови со овој и друг закон;
- Да забранат промет и употреба на производи и нуспроизводи од животинско потекло преку кои може да се пренесе болест од животните на човекот;
- Да забранат издавање ветеринарно-здравствен сертификат на животните ако се појави заразна болест или сомневање за заразна болест, или ако животното потекнува од подрачје со нејасна епизоотиолошка состојба;
- Ако при вршење службен надзор утврдат дека ветеринарно-здравствениот сертификат или други придружни документи што ја придружуваат пратката на животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни или предмети се со недостатоци, се нецелосни или се фалсифику-

вани, или пратката е од подрачје со непозната епизоотиолошка состојба, ќе наредат:

- ставање на животните во карантин во одгледувалиштето за период и во услови определени од инспекторот и

- ако во моментот нема услови за карантин, а не постои причина за забрана на колење на тие животни, животните да се упатат на колење во најблиската кланица;

- Привремено да забранат производство, преработка и ставање во промет производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни и предмети и земање примероци од истите;
- Да одземат и да уништат производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни и предмети кои претставуваат ризик по здравјето на животните и јавното здравство, или за кои ветеринарно-здравствениот сертификат е неправилен или некомплетен;
- Да наредат отстранување на неправилностите во производството, преработката и складирањето, ракувањето и прометот на животните, производите, нуспроизводите од животинско потекло и храна за животни;
- Да забранат употреба на простории, опрема и постројки за производство и промет на храна од животинско потекло;
- Да земат примероци од производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни и додатоци, вода за напојување на животните, со цел да се утврди дали се во согласност со прописите;
- Да собираат податоци и извештаи од одговорните лица, сведоци, вешти лица и други лица, ако тоа е потребно;
- Да наредат преземање мерки за заштита и благосостојба на животните согласно овој и друг закон од областа на ветеринарното здравство;
- Да вршат надзор на производите и нуспроизводите од животинско потекло во складови во слободни зони, слободни складови и царински складови;
- Да наплаќаат надоместоци за ветеринарни услуги согласно законот;

- Да вршат и други работи утврдени со овој и друг закон и
- Официјалниот ветеринар и овластениот ветеринар преземаат и други мерки за кои се овластени согласно националните прописи од областа на ветеринарното здравство.

*в) Овластувања на државниот инспектор за земјоделство и државниот фитосанитарен инспектор:*

Врз основа на законот и прописите донесени врз основа на законот, државниот инспектор за земјоделство има право и должност:

- Да врши контрола на примарното земјоделско производство и придружни операции на примарното производство за храна од растително потекло и храна за животни;
- Да врши контрола на процедурите на добра земјоделска практика (ГАП);
- Да зема примероци од храна за животни за проверка на квалитетот и од храната од растително потекло во рамки на примарното производство и придружните операции на примарното производство за проверка на безбедноста на истата доколку постои сомнеж;
- Да забрани употреба на храна од растително потекло во примарното производство и придружните операции на примарното производство;
- Да нареди соодветни мерки, доколку официјалните анализи покажат позитивни резултати;
- Да одземе и да нареди уништување на храна од растително потекло и храна за животни во примарното производство и придружните операции на примарното производство и доколку истата е небезбедна и
- Државниот инспектор за земјоделство и државниот фитосанитарен инспектор преземаат и други мерки за кои се овластени согласно Законот за државен инспекторат за земјоделство.

## СО КАКВА ЗАЧЕСТЕНОСТ СЕ ПРАВАТ ОФИЦИЈАЛНИТЕ КОНТРОЛИ?

Агенцијата спроведува официјални контроли преку Официјални ветеринари и Државни инспектори за храна со соодветна зачестеност.

Редовни контроли се спроведуваат согласно со плановите на Агенцијата. При планирањата се земаат во предвид идентификуваните ризици и опасности, досиејата од предходните работења на операторите со храна, објективноста на сите проверки извршени од операторите со храна и сите информации кои може да укажат на неусогласеност со прописите за безбедноста на храната.

Контроли во случај на сомнеж се спроведуваат кога постои сомневање кое се однесува на безбедноста на храната.

Контроли со известување се спроведуваат на барање на операторите со храна кои не работат континуирано во календарската година, и дејноста ја вршат сезонски.

Контроли по поднесени претставки и предлози се спроведуваат согласно со наводите во претставките и предлозите на кои укажуваат подносителите.




## КАДЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ ОФИЦИЈАЛНИТЕ КОНТРОЛИ?

*Официјалните контроли го покриваат целиот синџир на храната - „од нива до трпеза", „од фарма до вилушка".*

Официјалните контроли се вршат во сите фази на производството, прометот и дистрибуцијата на храна. Тие вклучуваат контроли на бизнисите со храна, на употребата на храната, складирањето на храната, на секој процес, материјал, супстанција, активност, вклучувајќи го и транспортот на храната, и на живи животни.

## КОИ МЕТОДИ И АКТИВНОСТИ СЕ КОРИСТАТ ПРИ ОФИЦИЈАЛНИТЕ КОНТРОЛИ?

При официјалните контроли се користат контролни и технички методи како што се:

**Мониторинг** - вршење на планирани последователни набљудувања или мерења, со цел добивање на преглед на состојбата на усогласеност со прописите за храна и храна за животни, здравствената состојба на животните и благосостојба на животните;

**Инспекција** - испитување од секој аспект на храната, храната за животни, здравствената состојба и благосостојбата на животните, со цел да се верификува усогласеноста со прописите за храна и храна за животни и прописите за здравствена состојба и благосостојба на животните;

**Надзор** - внимателно набљудување на еден или повеќе бизниси со храна и храна за животни, оператори со храна и храна за животни или нивни активности;

**Преглед на документи** - проверка на документација;

**Проверка на идентитет** - визуелен преглед со кој се обезбедува дека документите се во согласност со означувањето и содржината.

**Физички преглед** - проверка на храна и храна за животни и може да вклучи и проверка на средствата за транспорт, пакувањето, означувањето и температурата, земање на примероци за анализа и лабораториско испитување и секој друг преглед неопходен за да се потврди усогласеноста со прописите за храна и храна за животни;

**Верификација** - проверка со испитување и обезбедување на објективни докази дали пропишаните барања се исполнети;

**Аудит** - системско и независно испитување за да се утврди дали активностите и резултатите од активностите се во согласност со планираните подготовки и дали тие се ефективно имплементирани и се соодветни за постигнување на целите;

**Земање примерок за анализа** - земање на храна или храна за животни, или секоја друга супстанција (вклучувајќи и од околината), поврзана со производството, преработката и дистрибуцијата на храна и храната за животни или здравјето на животните, со цел преку анализа да се потврди усогласеноста со прописите за храна и храна за животни или прописите за здравствена состојба на животните

При вршењето на официјалните контроли особено се земаат во предвид следните активности:

Преглед на сите контролни системи што ги воспоставиле операторите со храна и резултатите добиени од тоа;

Контрола на постројките на примарните производители, на постројките во производството и прометот на храната и добиточната храна, вклучувајки контрола на околината, просториите, опремата, транспортот;

Контрола на суровините, состојките, додатоците и други сретства употребени во производството и прометот на храната;

Контрола на полуготови производи;

Контрола на производи материјали што доаѓаат во контакт со храната;

Контрола на постапките и сретствата за чистење;

Контрола на означувањето, презентирањето и рекламирањето на храната;

Преглед на хигиенските услови;

Оценка на постапките за добра хигиенска пракса /ДХП/ и добра производна пракса /ДПП/ како и системот за анализа на опасностите и контрола на критичните контролни точки /HACCP/;

Преглед на документите и евиденциите;

Интервју со бизнис операторите и вработените;

Контрола и читање на вредностите запишани на мерните инструменти на бизнис операторите;

Земање примероци за анализа

## КАДЕ СЕ КОНТРОЛИРА УВЕЗЕНАТА ХРАНА И ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ И КОЈА Е ПОСТАПКАТА?

Официјалните контроли на увезената храна се споведуваат на гранично инспекциско место на влез на територијата на Република Македонија.

Постапката при увоз на храната и храната за животни се состои од три основни активности:

**Преглед на документација**

**Физички преглед и**

**Идентификационен преглед**

Доколку не се констатираат недостатоци пратката се пушта на местото на истовар. Доколку храната е од животинско потекло задолжително треба да се извести официјалниот ветеринар надлежен за преглед на магацинот каде храната ќе се магационира.

При вршењето на активности при увоз на храна инспекторот зема примероци за лабораториско тестирање доколку постои индикација за тоа.

Инспекторот ја задржува под официјален надзор увезената храна и храна за животни која не е во согласност со законот и прописите донесени врз основа на законот, и во договор со операторот со храна или храна за животни кој е одговорен за пратката, ги презема следниве мерки:

- Наредува уништување на таквата храна или храна за животни, со посебен третман или ја препраќа надвор од Република Македонија во согласност со одредбата од Законот за препраќање на пратки или применува други соодветни мерки, како што е употреба на храната или храната за животни за цели поинакви од оние за кои првобитно биле наменети;
- Доколку храната или храната за животни веќе била ставена во промет или е под контрола, може да се нареди нејзино повлекување пред уништување или пепраќање;
- Верификува дека храната или храната за животни не предизвикува неповолни ефекти врз здравјето на луѓето или на животните, било директно или преку животната средина, за време на или до имплементацијата на некоја од мерките утврдени со законот;

## СО КАКОВ ИНТЕНЗИТЕТ СЕ ПРИМЕНУВААТ ОФИЦИЈАЛНИТЕ КОНТРОЛИ ПРИ УВОЗ?

Агенцијата изготвува и ажурира список на храна и храна за животни, врз основа на познат ризик или ризик кој се појавува, кој треба да биде предмет на зголемен интензитет на официјалните контроли на граничното инспекциско место на влез на територијата на Република Македонија.

Заради соодветно и редовно ажурирање на претходно спомнатиот список, меѓу другото, се земаат предвид и:

- Податоците добиени од нотификациите преку системот за брзо информирање (RASFF);
- Известувањата и информациите кои се резултат од активностите на канцеларијата за храна и ветеринарство (FVO);
- Известувањата и информациите добиени од трети земји;
- Информациите кои се разменуваат меѓу Европската комисија и земјите-членки на Европската унија и ЕФСА и
- Соодветните научни процени;

## ШТО ВКЛУЧУВААТ МЕРКИТЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕУСОГЛАСЕНОСТА?

- Санитација или други неопходни корективни мерки за да се овозможи безбедност на храната и храната за животни и усогласеноста со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и здравствена заштита и благосостојба на животните;
- Ограничување или забрана за ставање во промет, увоз и извоз на храна, храна за животни и живи животни;
- Надзор на храна и храна за животни и, ако е потребно, наредба за повлекување и/или уништување на истата;
- Овластување за употреба на храна и храна за животни за друга намена различна од првобитната;
- Забрана за вршење дејност или затворање на цел или дел од објектот за одреден временски период;
- Времено повлекување или укинување на одобрението за објектот;
- Активности за отстранување на неусогласеностите на пратките од увоз
- Други мерки за кои Агенцијата смета дека се соодветни.

## КОИ СЕ ДОЛЖНОСТИ НА ИНСПЕКТОРИТЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОФИЦИЈАЛНИТЕ КОНТРОЛИ?

За официјалните дејствија при инспекциски надзор, инспекторот е должен да состави **записник во кој се внесува наодот за утврдената фактичка состојба.**

Записникот го потпишуваат лицата кои учествуваат во постапката на инспекцискиот надзор. Ако претставникот на контролираниот субјект одбие да го потпише записникот, инспекторот ќе постапи според член 37 став (5) од Законот за инспекциски надзор.[2]

Теренските контроли во рамките на инспекцискиот надзор во принцип се вршат во присуство на овластено лице на субјектот на контролата, но во итни случаи, кога постои опасност по здравјето на луѓето и животните, инспекторот има право, без присуство на

*2) Службен весник на РМ бр. 50/2010, 161/2010 и 157/2011.*

овластеното лице, на правното лице, или физичкото лице чие работење, односно простории, објекти и опрема се предмет на инспекција, веднаш да издаде решение врз основа на резултатите од спроведената контрола.

Инспекторот може привремено да одземе храна, предмети, средства, производи, растенија, животни и документи.

За одземените храна, предмети, средства, производи, растенија, животни и документи, инспекторот издава **потврда за привремено одземени предмети**.

Инспекторот е должен документацијата да ја врати колку што е можно побрзо, но не подоцна од три дена сметано од денот на одземање, како и производите за кои е обезбедена соодветна документација.

Кога одземените храна, предмети, средства, производи, растенија и животни се од непознати лица, инспекторот може да ги продаде или да ги уништи комисиски.

Ако инспекторот при вршењето на инспекциски надзор, утврди повреда на одредбите од овој Закон и прописите од овој Закон, издава **решение во писмена форма** со кое наредува да се отстранат неправилностите во определен рок.

По исклучок, во вонредни итни случаи, заради заштита или спречување на опасноста по здравјето на луѓето и животните, инспекторот може да издаде **усна наредба**, а најдоцна во рок од три дена од денот на издавањето на усната наредба е должен да издаде решение во писмена форма.

Против решението на инспекторот може да се изјави жалба до директорот на Агенцијата, односно министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Жалбата изјавена против решението не го одлага извршувањето.

Правното или физичкото лице е должно да ги отстрани констатираните неправилности утврдени со решението.

Доколку правното или физичко лице не постапи по задолженијата, инспекторот е должен да поднесе **барање за поведување прекршочна постапка**, а во случај ако постои основано сомнение

дека е сторено кривично дело, инспекторот е должен да поднесе пријава за покренување кривична постапка.

Доколку овластеното лице при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности, **донесува заклучок со кој** ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Во случаи кога при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека е сторена неправилност од членовите 131 и 132 од законот, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување **покана за спроведување едукација** на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

За прекршоците утврдени во законот, инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му понуди постапка на порамнување пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на **постапка на порамнување**, согласноста се наведува во записник.

Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.



Инспекторот во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот е должен да му даде **платен налог**.

Доколку сторителот го прими платниот налог, истиот треба да го потпише. Примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на самото место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

**ПРЕГЛЕД** на прекршочно инкриминирани постапки и состојби во Законот за безбедност на храна и ветеринарство, по делови од истиот

***Легенда:***

ФЛ - Физичко лице, сторител на прекршок

ПЛ - Правно лице, сторител на прекршок

ДЕЛ I - ОПШТИ ОДРЕДБИ (Член 1 - 4):

Нема

ДЕЛ II - ОСНОВНИ НАЧЕЛА (Член 5 - 35):

ПЛ - увезува и става во промет храна и храна за животни која не е во согласност со одредбите на овој закон (член 12 став (1));

ПЛ - извезува храна и храна за животни или врши нејзин повторен извоз од Република Македонија со цел да се стави во промет во трети земји, која не е во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој

Закон, освен ако поинаку не е побарано од страна на надлежните органи на земјата-увозник или утврдено со закони, прописи, стандарди, кодови за практики и други правни и административни постапки кои се во сила во земјата-увозник (член 13 став (1));

ПЛ - става во промет небезбедна храна за животни (член 27 став (1));

ПЛ - става во промет храна за животни која не е безбедна или ја користи истата во исхрана на животни наменети за производство на храна (член 28 став (1));

ПЛ - пакувањето на храната наменета за ставање во промет е означено на начин кој не е лесно разбирлив (член 29 став (2));

ПЛ - не ја означи храната или храната за животни заради обезбедување информации за потрошувачите (член 29 став (1));

ПЛ - ги доведе потрошувачите во заблуда во однос на означувањето, рекламирањето и презентацијата на храната и храната за животни, вклучувајќи го и нив ниот облик, изглед или пакување, материјалот кој се користи за пакување, начинот на кој се подготвени и прикажани, како и информациите кои се достапни преку сите медиуми (член 29 став (3));

ПЛ - означува и рекламира храна со податоци кои сугерираат на лековити својства поврзани со превенција или лекување заболувања, потенцирање на

специфичните својства на храната кои се слични со друга храна со ист квалитет, како и употреба на слики, цртежи, знаци, изрази и текстови што потрошувачот би можеле да го доведат во заблуда во поглед на идентитетот на производот, потеклото, составот, својството, намената и дејството на производот (член 30 став (1));

ПЛ - рекламира храна спротивно на членот 30 став (2) од овој закон;

ПЛ - не ги исполнува барањата од прописите за храна и храна за животни (член 31 став (1));

ПЛ - нема воспоставено систем на процедури кои овозможуваат да се идентификува секое физичко или правно лице од кое ја набавиле храната, храната за животни, животните наменети за производство на храна или секоја супстанција наменета да биде или се очекува да биде вградена во храната или храната за животни (член 32 став (2));

ПЛ - нема воспоставено систем на процедури кои овозможуваат идентификација на бизниси со храна кои ги снабдуваат (член 32 став (3));

ПЛ - несоодветно ја означува храната или храната за животни (член 32 став (4));

ПЛ - не започне итна постапка за повлекување на храна која не е во согласност со барањата за безбедност на храната и за тоа не го извести надлежниот орган или не ги информира потрошувачите за причината поради која се повлекува храната и не ја повлече храната со која се снабдени (член 33 став (1));

ПЛ - во рамките на неговите соодветни активности, не започне постапка за повлекување од промет на храната која не е во согласност со барањата за безбедност на храна и не даде свој придонес за безбедност на храна со давање релевантни информации неопходни за следливост на храната, како и не соработува во активностите преземени од страна на производителите, преработувачите, обработувачите и/или надлежните органи (член 33 став (2));

ПЛ - веднаш не го информира надлежниот орган доколку смета или има причина да верува дека храната која била ставена во промет може да биде штетна по здравјето на луѓето, не го информираат надлежниот орган за активностите преземени за да се спречи ризикот по крајниот потрошувач и обесхрабрува или спречува лице кое соработува со надлежниот орган кога тоа може да го намали или да го елиминира ризикот кој произлегува од храна (член 33 став (3));

ПЛ - не соработува во активностите на надлежниот орган за избегнување или намалување на ризикот предизвикан од храна која ја набавува или ја снабдува (член 33 став (4));

ПЛ - не започне итна постапка за повлекување на храна за животни која не е во согласност со барањата за безбедност на храна за животни и за тоа не ја извести Агенцијата, не ја уништи храната за животни која не ги исполнува условите за безбедност на храна за животни или не ги информира корисниците и не ги повлече производите со кои се снабдени (член 34 став (1));

ПЛ - во рамките на неговите соодветни активности не започне постапка за повлекување од промет на храна за животни која не е во согласност со барањата за безбедност на храна за животни и не даде свој придонес за безбедност на храна со давање релевантни информации неопходни за

следливост на храната, како и не соработува во активностите преземени од страна на производителите, преработувачите, обработувачите и/или надлежните органи (член 34 став (2));

ПЛ - веднаш не го информира надлежниот орган доколку смета или има причина да верува дека храната за животни која била ставена во промет не ги исполнува барањата за безбедност на храна за животни, не го информира надлежниот орган за активностите преземени за да се спречи ризикот од употреба на таа храна за животни и обесхрабрува или спречува лице кое соработува со надлежниот орган кога тоа може да го спречи или да го намали ризикот кој произлегува од храната за животни (член 34 став (3));

ПЛ - не соработува во активностите на надлежниот орган за избегнување или намалување на ризикот предизвикан од храната за животни која ја набавува или ја снабдува (член 34 став (4));

## ДЕЛ III - СИСТЕМ ЗА БРЗО ИЗВЕСТУВАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ (Член 36 - 41):

Нема

## ДЕЛ IV - ХИГИЕНА НА ХРАНА, ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРИТЕ, СПЕЦИФИЧНИ ВИДОВИ ХРАНА, ХРАНА ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО (Член 42 - 74):

ПЛ - не осигури исполнетост на барањата за безбедност на храна утврдени со овој Закон и прописите донесени врз основа на овој Закон во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната под нивна контрола (член 43);

ПЛ - не ги исполнува општите барања за примарно производство и посебните хигиенски барања дадени во овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон (член 44 став (1));

ПЛ - не ги исполнува општите и посебните хигиенски барања утврдени со овој Закон и прописите донесени врз основа на овој Закон во фазите на производство, преработка и дистрибуција на храната по примарното производство и придружните операции на примарното производство (член 44 став (2));

ПЛ - не ги примени посебни мерките за хигиена (член 44 став (3));

ПЛ - не воведе, имплементира и одржува постојана процедура или процедури засновани врз анализа на ризик и критични контролни точки, односно HACCP принципите (член 45 став (1));

ПЛ - не ја провери процедурата и не направи соодветни измени кога се прават какви било промени на производот, процесот или кој било чекор (член 45 став (3));

ПЛ - не приложат на Агенцијата доказ за неговата усогласеност со членот 45 став (1) од овој закон на начин на кој бара Агенцијата, имајќи ја предвид приро-дата и големината на бизнисот со храна (член 45 став (5) точка 1);

ПЛ - не обезбеди редовно ажурирање на сите документи кои ја опишуваат постапката развиена во согласност со членот 45 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој Закон (член 45 став (5) точка 2);

ПЛ - не ги чуваат сите документи и евиденција во временски период од две години, освен во случаите кога заради природата на храната временскиот период е подолг (член 45 став (5) точка 3);

ПЛ - не соработува со Агенцијата во спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон (член 48 став (1));

ПЛ - става во промет храна која е подготвена во објекти кои не ги исполнуваат условите за хигиена на храна од овој Закон и прописите донесени врз основа на овој Закон и не се регистрирани и одобрени од надлежниот орган (член 48 став (2) точки 1 и 2);

ПЛ - не ја информира Агенцијата на начин утврден од страна на истата, за секој објект под негова контрола во којшто се извршува која било фаза од производство, преработка и дистрибуција на храната во однос на регистрација на објектите (член 48 став (3));

ПЛ - не обезбеди најмалку една посета на самото место од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство пред одобрување на објектот (член 48 став (4));

ПЛ - врши активности во објект кој е предмет на одобрение без претходно дадено одобрение од страна на надлежниот орган или во случај на времено одобрение на објектот (член 48 став (5) точки 1 и 2);

ПЛ - не престане да работи откако Агенцијата го избришала објектот од регистарот или го укинал одобрението за вршење дејност (член 52 став (3));

ПЛ - произведува додатоци на храна, храна за посебна нутритивна употреба и храна произведена со иновирани технологии без претходно издадено одобрение од страна на Агенцијата (член 54 став (1));

ПЛ - произведува храна со употреба на јонизирачко зрачење или храна добиена со генетски модифицирани организми без претходно одобрение од страна на Агенцијата (член 55 став (1));

ПЛ - произведува производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната кои не се во согласност со правилата на ДПП (добра производна практика), или истите под нормални или предвидливи услови на употреба ги пренесуваат своите состојки во храната во количества што можат да го загрозат човековото здравје, да предизвикаат неприфатлива промена во составот на храната и да предизвикаат влошување на органолептичките карактеристики на храната (член 56 став (1));

ПЛ - при производството на храна употребуваат или увезуваат адитиви, ензими за храна, аромати и екстракциски средства кои не ги исполнуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон (член 57 став (1));

ПЛ - ставаат во промет минерална вода која не ги исполнува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон (57 став (2));

ПЛ - става во промет храна на која се додадени витамини и минерали и одредени други супстанции кои не ги исполнуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон (член 57 став (3));

ПЛ - ставаат во промет брзо замрзната храна без да ги исполни барањата од овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон (член 57 став (4));

ПЛ - увезува храна која во однос на хигиената не ги исполнува одредбите од членовите 12, 43, 44, 45 и 48 на овој Закон (член 58);

ПЛ - извезува или повторно извезува храна која во однос на хигиената не ги исполнува одредбите од членовите 13, 43, 44, 45 и 48 на овој Закон (член 59);

ПЛ - става во промет храна од животинско потекло која не ги исполнува одредбите од овој Закон и прописите за ветеринарно здравство во сите фази на производство, складирање, промет и превоз (член 61 став (1));

ПЛ - превезува пратка на храна од животинско потекло без придружба на комерцијален документ, а во случаи кога е утврдено со закон и со ветеринарно-здравствен сертификат, односно друг документ издаден од официјален ветеринар (член 61 став (2));

ПЛ - не ги групира производите во толку пратки колку што има места на дестинација, при што секоја пратка мора да биде придружена со документи од членот 61 став (2) на овој Закон (член 61 став (3));

ПЛ - не ги исполнува посебните хигиенски услови за храна од животинско потекло утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон (член 62 став (1));

ПЛ - употребува вода која не е проточна или чиста за да ја отстрани површинската контаминација на производите од животинско потекло, освен доколку употребата на друга супстанција е одобрена од страна на надлежниот орган (член 62 став (2));

ПЛ - става во промет производи кои не се означени со здравствен печат или производи за кои не е потребен здравствен печат, идентификациска ознака ставена од страна на операторот со храна (член 63 став (1));

ПЛ - става идентификациска ознака на производ од животинско потекло кој не е во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон (член 63 став (2));

ПЛ - отстрани здравствениот печат ставен во согласност со овој Закон и прописите донесени врз основа на овој Закон од месото, освен ако не го расекуваат и ако понатаму не го обработуваат (член 63 став (3));

ПЛ - увезуваат храна во Република Македонија која не ги исполнува условите од членот 64 став (3) на овој Закон;

ПЛ - при увозот на храна од друга земја не го пријави пристигнувањето на пратката до официјалниот ветеринар на местото на дестинацијата во согласност со прописите за ветеринарно здравство (член 64 став (4)).

ФЛ - не е регистрирано кај Агенцијата и не ги исполнува прописите од областа на ветеринарното здравство (член 65 став (1) точка 1);

ФЛ - прифаќа животни чие време на излачување на аплицирани ветеринарно-медицински производи не е запазено (член 65 став (1) точка 2 потточка а));

ФЛ - внесува животни или производи од животинско потекло кои содржат резидуи кои го надминуваат дозволеното ниво и траги од забранети супстанции или производи (член 65 став (1) точка 2 потточка б));

ФЛ - не се придржува кон определените рокови за каренца при употреба на ветеринарно-медицински препарати кои може да се пренесат на храната од производите од животинско потекло (член 65 став (3));

ФЛ - тековно не ажурира и не води евиденција за примена на ветеринарно-ме-дицински препарати и медицирана храна за животни кај животните кои се во негова сопственост, а чии производи се наменети за исхрана на луѓето (член 64 став (4));

ФЛ - носи на колење животни наменети за колење, без документ на сопственикот/производителот дека животните не се третирани со забранети или недозволени супстанции, а во случај на третман со ветеринарно-медицински препарати дека е поминато времето на каренца (член 65 став (5));

ФЛ - става во промет производи од животинско потекло што се наменети за исхрана на луѓето, кои содржат, или содржат во количества повисоки од допуштените резидуи или други контаминенти кои се штетни по здравјето на луѓето (член 65 став (6));

ДЕЛ V - ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ НА ХРАНАТА (Член 75 - 112):

ПЛ - не даваат потребна помош на Агенцијата при вршењето официјални контроли (член 76 став (1));

ПЛ - работниците во бизнисот со храна не ги исполнуваат условите утврдени со овој Закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на стручната подготовка, здравствената состојба, како и основните знаења за хигиената на храна во согласност со правилата на добрата хигиенска практика, како и за заштитата на животната средина (член 83 став (1));

ПЛ - не ја утврди здравствената состојба на лицата кои работат во бизнисот со храна преку здравствени прегледи кои се вршат во согласност со прописите од областа на заштитата од заразни болести (член 83 став (2));

ПЛ - увезува пратки со храна и храна за животни кои не се придружени со сертификати за увоз (член 97 став (1));

ПЛ - не платил или одбива да плати надоместок за сите активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и се става во промет утврдени со овој Закон (член 104 став (2) точка 1);

ПЛ - не платил или одбива да плати надоместок за сите активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија, утврдени со овој Закон (член 104 став (2) точка 2);

ДЕЛ VI - ПОСЕБНИ БАРАЊА ЗА ОДДЕЛНИ АКТИВНОСТИ СО ХРАНА (Член 113 - 117):

ФЛ - коле животни надвор од кланица без претходно да го информира надлежниот орган и без да ги запази прописите за благосостојба на животните (член 113 став (1));

ФЛ - веднаш не ја извести Агенцијата за постоење на сомневање за болест кај животното или за проблем во текот на производството или преработката на храна и веднаш не ја прекине употребата и снабдувањето со храна (член 114 став (2) точка1);

ФЛ - не го запази периодот на излачување по апликацијата на ветеринарно-медицински или биолошки производи и употребата на адитиви или медицирани премикси во храната за животни (член 114 став (2) точка 2);

ФЛ - не му помага на надлежниот орган при вршењето на неговите обврски (член 114 став (2) точка 3);

ФЛ - не го извести надлежниот орган пред ловот и не го даде на увид на време и место назначено од надлежниот орган за добивање на ветеринарно здравствен сертификат (член 114 став (2) точка 4);

ФЛ - ги става во промет своите производи надвор од исклучоците за локализирана активност (член 116 став (4)).

ПЛ - произведува и става во промет храна која не ги исполнува пропишаните барања за квалитет (член 117 став (1));

ДЕЛ VII - НАДЗОР (Член 118 - 129):

ПЛ - не ги отстрани констатираните неправилности од членот 126 став (1) на овој Закон утврдени со решението од членот 127 на овој Закон (член 126 став (3)).

ДЕЛ VIII - ПОРАМНУВАЊЕ (Член 130):

Нема

ДЕЛ IX - ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ (Член 131 - 135):

Нема

ДЕЛ X - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ (Член 136 - 145):

Нема

***Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија - АХВ има обезбедено бесплатна телефонска линија наменета за потрошувачите, 08032222***

**www.fva.gov.mk**

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, со седиште во градот Скопје има подрачни канцеларии во градовите:

Битола
Берово
Богданци
Валандово
Виница
Велес
Гевгелија
Гостивар
Делчево
Демир Хисар
Демир Капија
Дебар
Кавадарци
Кочани
Кичево
Крива Паланка
Кратово
Крушево
Куманово
Македонски брод
Македонска
Каменица
Неготино
Охрид
Пехчево
Прилеп
Пробиштип
Радовиш
Ресен
Скопје
Струга
Струмица
Свети Николе
Тетово
Штип

Канцеларии на граничните премини:

Аеродром
Александар Велики
Аеродром Охрид
Блаце
Богородица
Деве Баир
Делчево
Куманово
Меџитлија
Ново Село -
Струмица
Табановце
Трубарево
Ќафасан

*Оваа брошура е изработена во соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија (ОПМ), тел. 3 212 440*

**www.opm.org.mk**

# ВОДИЧ

ЗА ИНСПЕКТОРИТЕ НИЗ ЗАКОНОТ
ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА